Проф. Софија Петковска

СЕМЕЈСТВОТО И ПОЈАВАТА НА СОЦИЈАЛНО - ВОСПИТНИТЕ ПРОБЛЕМИ

-есеј-



2014 година

Семејството како прва и основна средина во која расте и се развива една личност има најголема и најпресудна улога во воспитанието. Затоа, денес се повеќе се актуелизира поврзаноста на семејството со социјалниот развој на децата и младите.

Речиси сите позитивни или негативни страни на однесувањето, свесни или несвесни, им се припишуваат на семејството и семејните односи, посебно на односот родител – дете. Квалитетните односи во семејството и грижата за децата се неопходни за навремено препознавање и спречување на нарушено однесување на децата. Па затоа, треба да се идентификуваат проблемите и потешкотиите со кои се соочува современото семејство и да се изнајдат начини и поинакви механизми за помош и подршка на семејството во остварувањето на неговата воспитна функција.

Постојат многубројни проблеми кои ја зафаќаат семејната заедница,како што се: миграција на семејствата, невработеност, зголемување на бројот на разбиени семејства, нарушување на материјално-економската егзистенција на семејството, вклучувањето на жената во општествениот живот, незадоволството од улогата на таткото, многудетноста, образованието на родителите, алкохолизмот итн. Аналогно на овие проблеми денес се сретнуваат многубројни деструктивни појави во семејството кои директно влијаат и врз развојот на самата личност и тоа: преангажираност на родителите и чести отсуства од домот, разводи, воспитна занемареност, нарушени семејни односи, немажени мајки, намалување на бројот на децата во едно семејство, нарушување на родителскиот авторитет,

промени во ставовите на семејството, зголемување на бројот на малолетни лица со асоцијално и деструктивно поведение итн.

Но, за да ни стане појасно како овие проблеми влијаат врз семејството како институција, јас накратко ќе се обидам да ги образложам овие проблеми и да кажам мое мислење во врска со нив.

Семејството со текот на времето се менувало, се менува и ќе се менува и понатаму. Она што порано се нарекувало традиционално, патријархално семејство, сега се нарекува нуклеарно демократско семејство, а ако порано се учеле и се почитувале исти правила, обичаи, норми и вредности, сите извршувале исти работи, заедно го јаделе лебот и го почитувале зборот на најстариот член во семејството, сега, во услови на демократизација на општеството, се сретнуваме со појава на диференцијација во семејството, слобода во изборот, различни интереси и различни размислувања за животот воопшто.

Денес, сме сведоци на губење на авторитетот на родителите, исчезнување на традиционалните општествени вредности, пад на моралните норми за бракот како институција која треба да се негува и чува, влошување на економско-социјалната ситуација и губење на работните места. Сето ова, допридонесува односите меѓу мажот и жената во едно семејство да се влошуваат, а како последица од лошата семејна атмосфера децата страдаат. Некои од нив стануваат деликвенти, други се затвораат во себе, а некои од нив пак, посегнуваат по својот живот. Па бидејќи животот во модерното општество се повеќе се менува, ние мора да го следиме трендот на промените. Па така, со појавата на социјално-

воспитните проблеми во семејствата, треба да постојат и многу институционални и вонинституционални форми на згрижување и помагање кои на овие семејства со проблеми во својот развој, ќе им се даде социјална грижа и помош.

Зголемувањето на бројот на разбиени семејства, т.е. семејства во кои постојат дисхармонични односи или родителите се разведени или пак едниот од нив го напуштил семејството, се главна причина за појава на социјално- воспитни проблеми. Односите меѓу родителите во караниците, омразата и нетрпеливоста е една деструктивна појава која предизвикува дезорганизација во семејството и негативно влијае врз децата. Во ваквите семејства децата покажуваат училишен неуспех, психички се пореметуваат, им се оштетува афективниот живот, стануваат нерасположени, потиштени, го губат чувството на сигурност, им слабее апетитот итн. За нормален развој на децата потребно е родителите не само да ги сакаат нив, туку и меѓусебно да се почитуваат и сакаат. Взаемната љубов на родителите и почитта се камен темелникот врз кој детето го гради својот позитивен став за бракот како институција и односите на спротивните полови.

Една од главните појави за кои се смета дека има негативни последици во однос на воспитната функција на современото семејство претставува и улогата на мајката и таткото во процесот на правилно воспитание на младата личност.

Традиционалната улога на мајката како единствена негователка и воспитувачка на децата во семејството се искоренува, бидејќи сега таа станува самостојна вработена жена,

која извршува повеќе работни задачи, но со самото тоа е отсутна во поголем дел од денот надвор од домот. Вработувањето на жената има и позитивни и негативни страни. Негативноста влијае во следниве случаи: кога мајката има мало дете или деца, кога е самохрана мајка или пак, кога работи како работничка, особено во места кои се далеку од местото на живеење или пак кога работи на повеќе смени. Секако, вработувањето на жената има и позитивни страни, како на пример: повисок стандард на живот во семејството, поголема социјализација на децата, самореализација на жената и слично. Но, мора да се нагласи и тоа дека покрај постоењето на позитивни страни од вработувањето на жената, заради негативностите кои исто така постојат, големи се шансите кај децата да се дојде до појава на малолетничка деликвенција.

Денес, сме сведоци на појава на млади деликвенти и претстапници кои потекнуваат од растурени семејства, т.е. во семејства во кои владее несогласување, караници или пак каде едниот родител е алкохоличар. Најчесто, во семејствата каде таткото е присутен само физички во домот, но не и психички, т.е. недоволно е заинтересиран за членовите од своето семејство негативно влијае врз развојот на децата, особено врз машките деца, бидејќи тие не гледаат позитивен пример за маж, татко, кои ќе им биде морална подршка во текот на целиот живот, кој нешто ќе ги научи и ќе биде за пример.

Исто така, причинител за појава на социјално-воспитните проблеми е и бројот на децата во едно современо семејство. Денес, со појавата на нуклеарните семејства, но и со општествените промени кои настануваат, како на пример, високи цени на производи, а многу ниски плати и слично, претставува да не

кажам “луксуз” да имаш две, а не пак три деца на кои можеш да им овозможиш подеднакво внимание и грижа. Родителите, доколку имаат повеќе од три деца во семејството, се принудени да работат повеќе работи, само за да ги обезбедат потребните услови за живот. Но, со преголемата ангажираност на родителите надвор од домот, настануваат и низа проблеми поврзани со децата-тие се занемарени, емотивно слаби и покажуваат незадоволителен училишен успех.

Социјално-воспитните проблеми се забележуваат и кај семејствата во кои едниот од родителите е алкохоличар.

Образованието на родителите е исто така индекс од кој зависи како ќе се развиваат младите личности понатаму во животот. Имено, се смета дека праг на сигурност е родителите да имаат завршено основно образование, бидејќи лицата кои немаат завршено основно образование стануваат лесна категорија од која најмногу произлегуваат проститутки, претстапници, алкохоличари, наркомани, воспитно запуштени деца и деликвенти. Секако дека основното образование е недоволно за да создаваш кариера, но е доволно за да ги научиш навиките за дисциплина, обврските, точноста, општествено да се прилагодиш кон промените кои доаѓаат и се неизбежен дел во животот, како и да најдеш некоја работа која ќе ти овозможи да го прехрануваш своето семејство.

За да нема појава на социјално-воспитни проблеми во семејствата или пак за да се намали нивното влијание,треба одредени активности да преземат и институциите кои би му помогнале на едно семејство во криза, а такви институции се:

советувалиштата, установите за здравствена заштита, клубовите, библиотеките и слично. Овие институции ја превземаат одговорноста за грижата на членовите во едно семејство, тогаш кога самите членови во семејството од причини кои веќе ги наведов и објаснив, не се во состојба да се грижат за себе.

Овие институции треба да му помогнат на едно семејство во решавање на проблеми кои се поврзани со: зацврстувањето на бракот, љубовта во семејството, тешкотиите при воспитанието, воспитание за старост, при организација на семејниот живот, а особено на организацијата во слободното време и помош при поделбата на обврските.

Помошта на семејството може да се даде преку следниве форми: советувалишта за планирање на семејството, советувалишта за родители со деца, советувалишта за ментално здравје, рекреација, изложби во областа на културата на живеење, емисии на радио и телевизија и пропагирање на книги и весници од областа на семејниот живот.

И за крај, би сакала да го цитирам Лав Николаевич Толстој, кој во своето дело Ана Каренина пишува вака: ,,Сите среќни семејства личат едно на друго, а сите несреќни семејства се несреќни на свој начин.” Преку овој цитат, би сакала да кажам дека проблемите кои ги има секое семејство се различни и со различна тежина. И тука е само едно важно- да се откријат причините за несреќата, да се согласат сите членови од семејството дека има некаков проблем и сите заеднички да се обидат да го решат,било сами или пак со стручна социјална помош.